**20200480868**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 32 став 7 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕНО ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на решението за времено вршење на занаетчиска дејност.

Член 2

Решението за времено вршење на занаетчиска дејност се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 од овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1266/1
11 февруари 2020 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

ПРИЛОГ

Меморандум на комора

Занаетчиска комора _______врз основа на член 32 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), решавајќи по барањето бр. ________ од __________ година на занаетчијата_____________________ го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
за времено вршење на занаетчиска дејност

Се врши упис на времено вршење на занаетчиска дејност на лицето _______________ од ________, ул. _____________ бр. ___, со ЕМБГ __________, со назив на фирма________со деловно седиште на ул._______, бр. ______, општина, _______, место/град_______ ЕМБС______, запишан под рег.бр. __ во занаетчискиот регстар.

Уписот на временото вршење на занаетчиска дејност во случај на смрт на занаетчијата се утврдува од __________(ден, месец, год), до ________(ден, месец, година), најдолго до една година согласно член 32 став 1 од Законот за занаетчиство.

## О б р а з л о ж е н и е

До Занаетчиската комора ____________, лицето _____________ од____________, ул. ____________бр. ___, со ЕМБГ ____________, во својство на ____________ поднесе барање бр.___од__________ година за издавање на времено решение за вршење на занаетчиска дејност.

Кон барањето лицето ____________ ги има приложено потребните докази дека се исполнети условите од член 32 став 1 од Законот за занаетчиство.

Занаетчиската комора ____________ разгледувајќи го барањето бр.___ од __________ година утврди дека се исполнети условите за упис на времено вршење на занаетчиска дејност определени со член 32 став 1 од Законот за занаетчиство и се донесе решение како во диспозитивот.

Извршена е уплата на административна такса за барањето согласно член 37 тарифен број 1 точка 1 и такса согласно член 37 тарифен број 3 точка 1 за решението согласно законот за административни такси.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен од областа на занаетчиството.

Решено во Занаетчиска комора _______

На ден ______________под УП 1 бр._____________

ДОСТАВЕНО ДО:
-Подносителот на барањето
-Централен регистар и
-Архивата на комората

М.П.

Регистратор,
_______________